## Улога на вработените

Вработените треба да ги извршуваат должностите и одговорностите кои произлегуваат од вработувањето со редовно присуство на работа и ефикасно извршување на работните задачи.
Од вработените се очекува да преземат одговорност дека ќе ја почитуваат политиката на институцијата за управување со боледување и отсуства и да не ги злоупотребуваат процедурите.

Од вработените се очекува:

- да се информирани, свесни и да ја почитуваат политиката на институцијата за управување со отсуствата и боледувањето;
- да го пријават отсуството во договореното време;
- да присуствуваат на состанокот/интервјуто поради отсуство од работа.